**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

---

**До: д-р Зоран Трајчевски,**
**директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 29 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16 и 132/17) и член 29 од Законот за медиуми („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13 и 13/14), се доставува

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: 30-08.2018 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 03 | 3874 | 1 | |

**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН АДМИНИСТРАТИВЕН НАДЗОР**

1. **Вид надзор:** контролен

2. **Субјект на надзорот:** Трговско радиодифузно друштво БИ-КИ-АЛ ДООЕЛ Битола

3. **Датум на извршување на надзорот:** 30 август 2018 година

4. **Предмет на надзорот:** Надзорот се врши со цел да се констатира дали радиодифузерот постапил по Решението за преземање мерка – опомена, упатено од страна на Агенцијата по извршен редовен административен надзор. Редовниот надзор на Трговското радиодифузно друштво БИ-КИ-АЛ ДООЕЛ Битола беше извршен на 23.07.2018 година и со него беше констатирано дека радиодифузерот не ја исполнил обврската од член 15 став 3 од Законот за медиуми, според која радиодифузерите се должни податоците за сопственичката структура, одговорниот уредник/уредници и за изворите на финансирање во претходната година (реклами, спонзорство, продажба на содржини, услуги обезбедени на трети страни и слично) да ги објават на сопствената програма, најмалку три пати годишно, во ударни термини и снимка од објавата да достават до Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги во рок од 15 дена од денот на објавувањето. Согласно Правилникот за начинот на објавување на податоците за работењето на радиодифузерите („Службен весник на Република Македонија" бр.30/15), радиодифузерите се должни овие податоци вториот пат да ги објават најдоцна до 30 јуни.

5. **Претходно изречена мерка:** Решение за преземање мерка - опомена бр.03-402 од 30.07.2018 година, по спроведен редовен административен надзор на Трговското радиодифузно друштво БИ-КИ-АЛ ДООЕЛ Битола (Писмен извештај за извршен административен надзор бр.03-3440/1 од 23.07.2018 година).

6. **Констатации од надзорот:** На 29.08.2018 година, Трговското радиодифузно друштво БИ-КИ-АЛ ДООЕЛ Битола достави во Агенцијата снимка од објавените податоци, од која е видно дека радиодифузерот ја исполнил во целост обврската од член 15 став 3 од Законот за медиуми.

***Сектор за стратешко планирање и авторски права***